**20260340581**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА МАЈСТОРСКИОТ ИСПИТ НА КРАЈОТ ОД ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува структурата, организацијата и начинот на реализацијата на мајсторскиот испит на крајот од постсредното образование (во натамошниот текст: мајсторскиот испит).

Член 2

Мајсторскиот испит се спроведува од страна на Занаетчиската комора на Република Северна Македонија, регионалните занаетчиски комори, општинските занаетчиски комори или Занаетчиската комора на град Скопје (во натамошниот текст: занаетчиската комора).

Мајсторскиот испит се спроведува од страна на испитни одбори и испитни комисии формирани согласно нормативот за наставен кадар утврден со наставните програми за соодветната квалификација.

Член 3

Мајсторскиот испит се спроведува во два испитни рока во текот на една календарска година.

Почетокот и завршетокот на испитните рокови се определуваат од страна на испитниот одбор за мајсторски испит, кој го формира занаетчиската комора.

Член 4

Мајсторскиот испит може да се полага во еден испитен рок само еднаш.

Член 5

Мајсторскиот испит се состои од четири дела:

- практичен дел,
- стручно-теоретски дел,
- управувачки/правно-економски дел и
- педагошко-андрагошки дел.

Практичниот, стручно-теоретскиот, управувачкиот/правно-економскиот и педагошко-андрагошкиот дел од испитот се полагаат согласно со испитните програми за мајсторски испит.

Практичниот дел од испитот може да трае најмалку осум часа, а најмногу 40 часа, во зависност од испитната програма за практичниот дел од испитот за соодветната квалификација за мајстор.

Стручно-теоретскиот дел, управувачкиот/правно-економскиот дел и педагошко-андрагошкиот дел од мајсторскиот испит, траат по 120 минути.

Член 6

Деловите од мајсторскиот испит од член 5 став 1 од овој правилник, може да се полагаат во различни испитни рокови и немаат елиминаторен карактер.

Во еден испитен рок, кандидатот може само еднаш да ги полага деловите од мајсторскиот испит.

Член 7

Од страна на испитниот одбор роковите за полагање на мајсторскиот испит се објавуваат на огласната табла и на интернет страницата на занаетчиската комора, се формираат испитни комисии според соодветни сектори и се изготвува листа на кандидати според соодветни сектори.

Од страна на испитниот одбор, најдоцна пет дена по истекот на предвидениот рок за пријавување, се информира кандидатот за исполнетоста на условите за полагање на мајсторскиот испит, за почетокот и за завршетокот на мајсторскиот испит.

Во случај да се утврди од страна на испитниот одбор дека кандидатот има некомплетна документација, се информира кандидатот за недостатоците во документацијата, најдоцна три дена од денот на утврдувањето. Комплетирањето на документацијата се врши најдоцна осум дена од денот на приемот на известувањето.

Во случај кандидатот да не ги исполнува општите и посебните услови за полагање на мајсторски испит, од страна на испитниот одбор писмено се известува кандидатот, лично или по пошта, најдоцна осум дена од денот на констатирањето.

Член 8

Мајсторскиот испит е јавен и се полага пред испитна комисија.

За сите четири дела од мајсторскиот испит, за секоја квалификација за мајстор одделно, од страна на испитниот одбор се формираат испитни комисии, и тоа:

- за практичен дел,
- за стручно-теоретски дел,
- за управувачки/правно-економски и
- за педагошко-андрагошки дел.

Член 9

Практичниот испит се изведува во занаетчиски дуќан (работилница) врз основа на склучен договор со занаетчиската комора која го организира и спроведува испитот.

Член 10

Испитниот одбор, најдоцна осум дена по истекот на рокот за пријавување, го објавува распоредот на кандидатите кои полагаат мајсторски испит.

Распоредот на одржување на мајсторскиот испит се утврдува од страна на испитниот одбор на занаетчиската комора.

Член 11

Кандидатот кој го започнал полагањето на мајсторскиот испит, а во текот на испитот поради болест или други оправдани причини, е спречен да го продолжи полагањето на испитот, за тоа треба да го извести испитниот одбор на занаетчиската комора и да достави соодветни докази за причината. Од страна на испитниот одбор се цени дали наводите на кандидатот се основани и се одредува терминот на полагање на испитот.

Член 12

Стручно-теоретскиот, управувачкиот/правно-економскиот и педагошко-андрагошки дел се полагаат во писмена форма.

Од страна на испитните комисии за реализација на стручно-теоретскиот, управувачкиот/правно-економскиот и педагошко-андрагошкиот дел од испитот, се предлагаат тестови врз основа на испитните програми за мајсторски испит.

Член 13

Практичниот дел од мајсторскиот испит во соодветната занаетчиска дејност, се изведува преку:

- подготовка за извршување на задачата;
- извршување на практичната задача;
- усно образложение на задачата и
- усна проверка на стручната теорија.

Член 14

Работните задачи за практичен дел се определуваат од страна на испитната комисија врз основа на испитната програма.

Подготовката за извршување на практичната задача опфаќа нацрти, пресметки, спецификации на материјали, алати, прибори, инструменти и сл.

Подготовката за извршување на практичната задача ја врши секој кандидат самостојно во занаетчиски дуќан. По исклучок, поради природата на практичната задача, може да се утврди дека нема потреба од подготовка на практичната задача.

Со усното образложение на извршената практична задача се проверува оспособеноста на кандидатот да ги објасни изборот, содржините, постапките, методите и слично, што ги користел во текот на изработување на задачата. Усното образложение трае најдолго 20 минути.

Член 15

Секој дел од мајсторскиот испит се оценува одделно, согласно прагот на положеност за секој дел од испитот.

Прагот на положеност за сите делови на мајсторскиот испит е содржан во испитните програми за мајсторски испит.

Успехот од поединечните делови од мајсторскиот испит, како и испитот во целина, се оценуваат со оценката „положил” или „не положил”.

При оценувањето на секој дел од мајсторскиот испит, секој член од испитната комисија посебно врши бодирање на кандидатот, а потоа се сумираат резултатите од сите членови и се пресметува просечна вредност.

Оценувањето на изработката на практичните задачи се изведува од страна на испитната комисија. За реализација на практичниот дел, секој член од испитната комисија врши индивидуално вреднување, според зададената задача.

За да го положи успешно испитот, кандидатот треба да добие минимален број бодови од секоја област на оценување.

Прагот на положеност ги опфаќа најнеопходните знаења и способности кои кандидатот треба да ги покаже на секој дел од испитот.

Мајсторскиот испит се смета за положен доколку кандидатот ги положил сите четири делови.

Кандидатот што добил оценка „не положил” по некој дел од мајсторскиот испит, се упатува на повторно полагање на тој дел од испитот во наредните испитни рокови.

Кандидатот кој не ја изработил успешно практичната задача, не оди на нејзина одбрана и се упатува на повторно полагање на практичниот дел.

Член 16

Од страна на испитниот одбор за секој положен дел од мајсторскиот испит, најдоцна осум дена од денот на полагањето, се објавува листа на положени кандидати на огласната табла на занаетчиската комора, а сите кандидати треба да се известат за резултатите од мајсторскиот испит по пошта или по електронски пат, најдоцна три дена од денот на објавувањето на листата на положени кандидати.

Кадидатот, најдоцна три дена од денот на добивање на известувањето од став 1 на овој член, може да поднесе писмено барање за увид во сопствената испитна документација.

Од страна на претседателот на испитниот одбор му се овозможува увид на кандидатот во неговата испитна документација, најдоцна два дена од денот на добивањето на барањето од став 2 на овој член.

Кандидатот може да поднесе приговор до испитниот одбор против одлуките на испитната комисија најдоцна три дена од денот на извршениот увид во сопствената испитна документација.

Член 17

Записниците на испитните комисии за секој кандидат ги водат записничари на испитните комисии и се чуваат во архивата на занаетчиската комора, како трајна вредност.

Главната книга се потпишува од страна на претседателот и секретарот на испитниот одбор на занаетчиската комора.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/08 и 200/18).

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2863/1
16 февруари 2026 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.